# УПАТСТВО

## ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР


NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

Центар за Управување со Промени

Влада на Република Северна Македонија

Република Северна Македонија
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ... 5
2. ПОСРЕДУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ... 6
3. МИНИМУМ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО МОРА ДА БИДАТ ОБЈАВЕНИ НА ВЕБ СТРАНИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ... 9
4. ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ПО ОБЛАСТИ ... 16
4.1. Област - ОДБРАНА ... 17
4.2. Област - БЕЗБЕДНОСТ ... 17
4.3. Област - ПРАВОСУДСТВО ... 17
4.4. Област - ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ... 21
4.5. Област - НАДВОРЕШНИ РАБОТИ ... 24
4.6. Област - ФИНАНСИИ ... 25
4.7. Област - ЕКОНОМИЈА ... 30
4.8. Област - ТРГОВИЈА ... 32
4.9. Област - ИНВЕСТИЦИИ ... 33
4.10. Област - ЕНЕРГЕТИКА ... 34
4.11. Област - ИНДУСТРИЈА ... 38
4.12. Област - ТУРИЗАМ ... 39
4.13. Област - ЗАНАЕТЧИСТВО ... 40
4.14. Област - ЗЕМЈОДЕЛСТВО ... 41
4.15. Област - ШУМАРСТВО ... 45
4.16. Област - ВОДОСТОПАНСТВО ... 48
4.17. Област - ЛОВ И РИБОЛОВ ... 49
4.18. Област - ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО ... 50
4.19. Област - ЗДРАВСТВО ... 52
4.20. Област - ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ... 56
4.21. Област - СПОРТ ... 60
4.22. Област - МЛАДИ ... 62
4.23. Област - ТРУД ... 63
4.24. Област - СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ... 65
4.25. Област - ДЕТСКА ЗАШТИТА ... 68
4.26. Област - ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ... 70
4.27. Област - КУЛТУРА ... 74
4.28. Област - ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО ... 78
4.29. Област - ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 78
4.30. Област - КОМУНИКАЦИИ ... 82

4.31. Област - МЕДИУМИ ........................................................................................ 82
4.32. Област - ГРАДЕЖНИШТВО ............................................................................ 84
4.33. Област - УРБАНИЗАМ ................................................................................... 86
4.34. Област - ТРАНСПОРТ .................................................................................... 87
4.35. Област - ЖИВОТНА СРЕДИНА ....................................................................... 88
4.36. Област - ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ................................................................ 91
4.37. Област - СОРАБОТКА МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ И СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ ........................................................................ 91
4.38. Област - ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА ...................................................................... 92

# 1.ВОВЕД

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) го утврдува начинот на остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат институциите од јавниот сектор и останатите субјекти што вршат јавни овластувања, а со главна цел зголемување на транспарентноста и отчетноста.

Физички и правни лица може да доставуваат барања за информации од јавен карактер до имателите на информации од јавен карактер, а имателите се должни да одговорат во предвидениот рок.

Поднесувањето на барања за добивање информации од јавен карактер е на некој начин усложнување во начинот на добивање на информациите за барателите, но и одговарањето на барањата може да претставува значителен ангажман на администрацијата во институциите при собирањето на потребните информации и одговарање на барањата. Со оглед на тоа, проактивното објавување на информации од јавен карактер би било во корист и на барателите и на имателите на информациите.

Со цел утврдување на најбараните информации од јавен карактер, а врз основа на прибран инпут од имателите на информации од јавен карактер утврдени со закон, Центарот за управување со промени (ЦУП) изработи систематизиран преглед на пристигнати барања на информации од јавен карактер во период од јануари 2020 година до 30.06.2022 година, утврден по имателите на информации од јавен карактер.

Овој документ ги презентира најбараните информации од јавен карактер врз основа на изработениот преглед на пристигнати барања, но ги презентира и останатите информации од јавен карактер кои би можеле да се објавуваат согласно релевантната законска регулатива. Информациите се претходно воопштени и систематизирани по сектори.

Документот нема за цел да прикаже дека систематизираните информации од јавен карактер не биле објавувани од имателите до сега (бидејќи тоа може и да не е случај), туку дава препораки кои информации е пожелно да се објавуваат заради унапредена транспарентност и отчетност, но и зголемена ефикасност во пристапот на слободен пристап до информации за јавен карактер и за барателите и за имателите.

# 2.ПОСРЕДУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер регулира многу широк концепт на информации од јавен карактер, односно согласно законот информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. Единствен исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер се следниве информации:

- информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација;
- личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;
- информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка;
- информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
- информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

Дури и овие информации стануваат информации од јавен карактер кога ќе престанат причините за нивната недостапност.

Законот дава можност имателите на информации да одобрат пристап до информација која не е од јавен карактер, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Ако е возможно да се оддели делот од документот кој не е од јавен карактер без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

Она што сите институции треба да го имаат во предвид при примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е следното:

- Институциите и другите иматели на информации од јавен карактер задолжително мора да имаат веб страни, кои ќе бидат ажурно водени.
- Институциите по правило ги објавуваат информациите кои тие ги

произвеле при својата работа, но може да објавуваат и други информации со кои располагаат, а кои произлегуваат од нивната надлежност.

- Институциите задолжително ги ажурираат информациите од јавен карактер кои се должни да ги објават. Не смее да се случи определени информации да се корегирани, променети или целосно заменети со нови а при тоа да не бидат ажурирани информациите од јавен карактер (на пример промена на интерни акти, промена на службено лице за информации од јавен карактер, промена на пропис и сл.).
- Секој имател на информации за посредување определува едно или повеќе службени лица при остварувањето на правото на слободен пристап до информации. Институциите се должни да обезбедат информирање на јавноста за службеното лице за посредување со информации со објавување на одлуката за назначување на службеното лице и неговите контакт податоци (службена физичка адреса, службена електронска адреса, службен телефон и службен мобилен телефон и други контакт податоци).
- Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите.
- Повеќе иматели на информации можат заедно да определат едно или повеќе службени лица за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации.
- Институциите на јавниот сектор информациите од јавен карактер се должни да ги објавуваат во обработлив формат, а доколку се објавуваат информации од повеќе институции и области тие податоци треба да бидат споредливи. Статистичките податоци по правило се објавуваат во „excel“ формат или во формати на отворени податоци како CSV, XML и JSON, а документите во „word“, „PDF“ или друг обработлив формат.
- Институциите се должни согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци според пол, а со тоа и да ги објавуваат разделени по пол, кога е применливо.
- Информациите и документите кои содржат лични податоци се објавуваат со анонимизирање и псевонимизирање.
- Информациите од јавен карактер по правило се објавуваат во изворен формат, но определени информации кои се од јавен карактер може да се објавуваат и преку објавување на линкови до тие информации на други веб локации. Ова особено се однесува на надредените министерства кои под себе имаат повеќе институции и субјекти до чии информации од јавен карактер должни се да објавуваат линкови. Во овој случај иако министерствата не се создавачи, согласно своите надлежности треба да располагаат со овие информации, поради што се опфатени во поимот информација од јавен карактер, дефиниран во член 3 став (1) алинеја 2

од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Кога се објавуваат контакт податоци задолжително се објавуваат службени контакт податоци, а не и приватни контакт податоци.

Под анонимизација на податоците се подразбира целосно отстранување на сите лични податоци и податоците за настаните и доказите и изјавите презентирани во постапката кои би можеле да го откријат идентитетот на лицето.

Под псевдонимизацијата се подразбира замена на личните податоци на таков начин што тие повеќе не можат да се поврзат со одредено лице (субјект на лични податоци) без употреба на дополнителни информации.

Доколку имателот на јавни информации ги објавува јавните информации во форма на отворени податоци, тогаш тоа се врши на централниот портал за отворени податоци data.gov.mk, каде податоците се објавуваат во компјутерски обработлив формат (CSV, XML и JSON) и соодветно се систематизирани и дефинирани со мета податоци.

# 3. МИНИМУМ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО МОРА ДА БИДАТ ОБЈАВЕНИ НА ВЕБ СТРАНИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

Институциите се должни редовно да водат и да ја ажурираат листата на информации со кои тие располагаат и да ги објавуваат на начин достапен за јавноста (интернет страница, огласна табла и друго).

Согласно со членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, институциите и другите иматели на информации од јавен карактер се должни да ја информираат јавноста преку својата интернет страница со објавување на:

1. Податоците за надлежностите кои ги извршува институцијата и тоа:
    - извадок од законот во кој се утврдени надлежностите на институцијата,
    - извадок на законот со кој се утврдени надлежностите на раководното лице на институцијата (министер, заменик министер, директор, заменик директор, претседател итн.),
    - извадок од законот со кој се утврдени надлежностите на управните и надзорните органи (управен одбор, надзорен одбор, училишен одбор, совет итн.) доколку ги има,
    - извадок од основачкиот акт (статут) доколку го има со кои се утврдени или допрецизирани надлежностите на институцијата,
    - извадок од основачкиот акт (статут) доколку го има, со кој се утврдени надлежностите на раководното лице на институцијата (министер, заменик министер, директор, заменик директор, претседател итн.) и
    - извадок од основачкиот акт (статут) доколку го има, со кој се утврдени надлежностите на управните и надзорните органи (управен одбор, надзорен одбор, училишен одбор, совет итн.) доколку ги има.

2. Основните податоци за контакт со институцијата и тоа:
    - назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата на институцијата и
    - назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата на сите подрачни одделенија односно организациони единици кои се наоѓаат надвор од седиштето на институцијата, кога граѓаните ги остваруваат своите права и правни интереси на локално ниво.

3. Податоците за функционерот или одговорното лице кај imателот на информацијата (биографија, податоци за контакт и друго) и тоа:
    - биографија на раководното на раководното лице на институцијата (министер, заменик министер, директор, заменик директор, претседател итн.),
    - биографија на членовите управните и надзорните органи (управен одбор, надзорен одбор, училишен одбор, совет итн.) доколку ги има,
    - службен телефонски број, службен број на факс, службена физичка адреса и службена е-маил адреса на раководното на раководното лице на институцијата (министер, заменик министер, директор, заменик директор, претседател итн.) и
    - службен телефонски број, службен број на факс, службена физичка адреса и службена е-маил адреса на членовите управните и надзорните органи (управен одбор, надзорен одбор, училишен одбор, совет итн.) доколку ги има.

4. Основните податоци за контакт со службеното лице овластено за посредување со информации и тоа:
    - име и презиме, службена е-маил адреса, службен телефонски број и одлука за овластување на службеното лице во институцијата за посредување со информации од јавен карактер.

5. Основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа:
    - име и презиме, службена е-маил адреса и службен телефонски број на лице во институцијата овластено за заштитено внатрешно пријавување.

6. Список на лица вработени кај imателот на информацијата со позиција, службен е-маил и службен телефон
    - листа на сите лица вработени во институцијата на неопределено време со податоци за називот, односно звањето на позицијата на која се распоредени, службен е-маил и службен телефон и
    - листа на сите лица вработени во институцијата на определено време со податоци за називот, односно звањето на позицијата на која се распоредени, службен е-маил и службен телефон.

7. Законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило,
    - сите закони во кои се регулира надлежност на институцијата.

8. Прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува imателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник

за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон и тоа:

- статут доколку го има
- функционална анализа,
- правилник за внатрешна организација,
- правилник за систематизација на работните места,
- правилник за процесот на управување со системот на заштита на личните податоци,
- правилник за заштитено внатрешно пријавување,
- правилник за плати,
- колективен договор,
- политика за приватност,
- годишен план за вработување,
- програма за волонтирање,
- антикорупциска програма,
- програми за обуки на вработените,
- сите останати правилници и општи акти кои ги донело раководното лице,
- сите останати правилници и општи акти кои ги донеле органите на управување и надзор доколку ги има,
- наредби,
- уредби кои произлегуваат од законите за кои надлежност има институцијата,
- наредби кои се однесуваат на повеќе лица а се донесени за извршување на законите,
- упатства за извршување на законите во кои надлежност има институцијата,
- сите други планови кои ги има донесено институцијата,
- сите други програми кои ги има донесено институцијата,
- поединечни акти со кои се решава за определени права и интерес доколку јавниот интерес налага нивно објавување и само доколку таквото објавување не е во спротивност со Законот за заштита на личните податоци,
- записници и решенија за извршени надзори,
- решенија и одлуки за формирање на работни тела,
- деловници за работа на работните тела,
- записници од состаноците на работните тела и нивните одлуки и
- сите други општи и поединечни акти освен оние кои се класифицирани.

9. Органограм за внатрешна организација на институцијата.

10. Стратешки планови и стратегии за работа на имателите на информации и тоа:
    - национални и друг вид на стратегии во која се предвидени активности за институцијата,
    - акциски планови кои произлегуваат од стратегиите и
    - стратешки план за работа на институцијата.

11. Годишни планови и програми за работа и тоа:
    - програма за работа на институцијата и
    - годишен план за работа на институцијата.

12. Годишен Буџет и завршна сметка,
    - буџетски циркулар,
    - буџет на институцијата,
    - завршна сметка,
    - трошоци за репрезентација
    - трошоци за службени возила,
    - трошоци за ангажирани лица по различни облици на договор,
    - извештаи за работа од страна на ангажираните лица со договор,
    - трошоци за патни трошоци,
    - трошоци за дневници,
    - трошоци за други договорни услуги (со наведување на видот на услугата и трошоците за истата) и
    - трошоци за набавка на стока (со наведување на стоката и трошоците за истата).

13. Годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот и тоа:
    - годишен финансиски план на институцијата и
    - програми за реализација на буџетот со наведување на предвидените средства за секоја од стоките и услугите во програмата.

14. Ревизорски извештај и тоа:
    - извештаи од внатрешни ревизии,
    - извештаи од ДЗР и
    - извештаи од приватни ревизорски куќи кои биле ангажирани.

15. Видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од

услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци) и тоа:

- листа на сите услуги кои ги дава институцијата,
- листа на услуги кои се достапни електронски,
- адреса на канцеларијата во која граѓаните можат да ја остварат услугата,
- линк на кој може да се пристапи до електронските услуги,
- законските основи за секоја од услугите,
- називите на услугите,
- обрасци на барања за секоја од услугите,
- жиро сметка како и други податоци за надоместоците кои треба да се платат за да се остварат услугите,
- листата на докази и податоци кои се потребни да се достават со барањето за да се оствари услугата,
- правото на правна заштита (жалба, тужба, приговор и др.) кои е загарантирано во случај на одбивање на барањето за услугата со наведување на надлежна институција до која се доставува жалбата, тужбата, односно приговорот, нејзината адреса, износот на административна или судска такса доколку се плаќа, жиро сметката на која се плаќа и
- електронска адреса, контакт лице, ИТ систем односно друг механизам за мерење на задоволството и вклучување на граѓаните во креирање на услугите.

16. Тарифници за надоместоци за издавање на реални акти и тоа:
    - тарифник за надомест за добивање на реален акт (јавни информации, уверенија и други реални акти) и тоа:
    - жиро сметка на која се плаќа надоместокот,
    - барањето за издавање на реалните акти,
    - адресата на која се доставува барањето,
    - рокот за издавање на реалните акти и
    - правната заштита (приговор) против реалните акти.

17. Начин на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат) и тоа:
    - листа на сите информации од јавен карактер,
    - начин на поднесување на барањето,
    - адреса (физичка и електронска) за поднесување на барањето и
    - образец на барањето.

18. Целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство и тоа:
    - одлука за јавна набавка,

- годишен план за јавни набавки,
- претходно информативно известување или периодично индикативно известување,
- записник од спроведениот технички дијалог,
- оглас за доделување договор за јавна набавка,
- тендерска документација,
- пристигнати пријави за учество,
- комуникација меѓу договорниот орган и економските оператори,
- извештај за оценување на способноста на кандидатите,
- одлука за избор на квалификувани кандидати,
- пристигнати понуди, доколку нивното објавување не ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост,
- извештаи од надворешните стручни лица,
- извештај за извршената евалуација,
- одлука за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката,
- потпишан договор за јавна набавка или рамковна спогодба,
- известување за склучен договор и
- известување за реализиран договор.

19. Предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно со закон и друго и тоа:
    - програми,
    - мислења,
    - анализи,
    - студии,
    - извештаи,
    - одлуки на Уставен суд и
    - други акти кои произлегуваат од секојдневната работа на институцијата.

20. Извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор и тоа:
    - записници од извршени инспекциски надзори,
    - решенија од извршени инспекциски надзори,
    - записници од управни надзори,
    - одлуки по извршени управни надзори,
    - записници од супервизии,
    - решенија и одлуки по супервизии и
    - сите други акти кои произлегуваат од извршени контроли и

надзор над самата институција.

21. Статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации и тоа:
    - извештаи за работа на институцијата,
    - статистички податоци по предмети на ниво на година,
    - статистички податоци за барани и испорачани услуги кон граѓаните и бизнисите во текот на годината,
    - статистички податоци во однос на другите предмети за работа во текот на годината и
    - статистички податоци во однос на бројот на вработени лица во текот на годината.

22. Други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата:
    - сите останати информации и документи кои ги продуцира институцијата а кои не се класифицирани информации.

Исто така, им се препорачува на институциите да ги објавуваат на своите веб страници и одговорите на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер кој се пристигнати до нив од страна на физички или правни лица во рок од 30 дена од доставувањето на одговорот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер. Овие објави ја прават достапна содржината на барањето, односно одговорот од надлежната институција, без откривање на податоците за идентитетот на барателот, за што имателот на информацијата го известува барателот дека податоците исто така ќе бидат објавени на веб страницата на институцијата.

# 4. ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ПО ОБЛАСТИ

Од информациите кои имаат јавен карактер, а кои согласно членот 10 став 1 задолжително треба да бидат објавувани, најголеми проблеми и различни толкувања има последната алинеја „ други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата“. Имено со оглед на фактот што сите институции имаат голем број на надлежности од кои се продуцираат огромен број на информации од јавен карактер, секогаш останува отворено прашањето дали институциите доследно ја почитуваат обврската да ги објават сите информации од јавен карактер кои произлегуваат од нивната надлежност и секојдневна работа. Доследната примена на оваа обврска би значела објавување на секоја информација и документ кои се продукт и произлегуваат од секојдневната работа освен оние кои се класифицирани, содржат лични податоци, ја загрозуваат доверливоста на даночните постапки, би имале штетни последици на истражни, кривични, прекршочни, граѓански и управни постапки или ја загрозуваат интелектуалната сопственост.

Во овој дел од упатството ќе бидат прикажани податоците кои најчесто се побарувани од институциите во претходниот период и тоа по сектори, а дополнително утврдена е и листа на информации која произлегуваат од надлежностите на самите институции и кои би требало да ги објавуваат на своите веб страни, за да доследно го почитуваат законот но и за да се намали бројот на поединечни барања во иднина кои секогаш ја усложнуваат и дополнително ја бирократизираат секојдневната работа на институциите. Голем дел од овие информации се веќе објавени на веб страните на надлежните институции, а останува обврската истите во иднина тековно да бидат ажурирани.

Обврската за институциите да ги објавуваат информациите од јавен карактер е релативно нова и претставува дополнителна обврска за која се потребни технички и човечки капацитети, како и воспоставување на соодветен методолошки пристап за наједноставно прибирање, обработка и објавување на информациите од јавен карактер. Заради тоа примената на оваа упатство треба да биде во неколку фази, односно на почеток треба да се објават, односно ажурираат оние информации кои не бараат дополнителна обработка, а понатаму да се планираат активности и да се воспостават методологии преку кои на среден рок ќе бидат објавени и оние информации и податоци кои бараат дополнителен ангажман за обработка.

## 4.1. Област – ОДБРАНА

Нема податоци за барани информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Надлежни институции:** Министерството за одбрана и Армијата на РСМ
Поради класифицираност на најголемиот дел од информациите, овие институции се должни да ги објават општите информации од јавен карактер од членот 10 на ЗСПИЈК. Но и од овие информации некои може да бидат класифицирани.

## 4.2. Област – БЕЗБЕДНОСТ

Нема податоци за барани информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Надлежни институции:** Агенција за национална безбедност, Оперативно – техничка агенција, Агенција за разузнавање.

Поради класифицираност на најголемиот дел од информациите, овие институции се должни да ги објават општите информации од јавен карактер од членот 10 на ЗСПИЈК. Но и од овие информации некои може да бидат класифицирани.

## 4.3. Област – ПРАВОСУДСТВО

Од добиените податоци, во областа на правосудството се барани следните информации:

- Годишни извештаи за работата на судовите,
- Информации за изборот на судии,
- Информации за спроведено оценување на судии,
- Информации за степенот на пристапност на судските објекти за лица со попреченост,
- Одлуки по судски предмети,
- Податоци за број на жалбени постапки во Апелациони судови,
- Податоци за број на јавни обвинители,
- Податоци за број на кривични пријави до јавните обвинителства по различни основи
- Податоци за број на поднесени, одобрени и одбиени предлози за определување на мерката притвор,
- Податоци за број на постапки во кои на граѓаните им е одобрена бесплатна правна помош,
- Податоци за број на реализирани јавни седници по судови,
- Податоци за број на спроведени истражни постапки од јавните обвинителства по различни основи,
- Податоци за број на судии,

- Податоци за број на барања за изземање на судии,
- Податоци за број на застарени предмети по судовите,
- Податоци за број на обвинети и осудени лица,
- Податоци за број на примени тужби,
- Податоци за добиени претстави и
- Податоци за судски предмети, статус на предмети, област на судскиот предмет, предметен судија.

Во насока на доследна имплементација на законот, институциите од областа на правосудството, освен податоците кои се законски минимум и кои задолжително се објавуваат на веб страните треба да ги објават и најмалку следниве информации:

- **Министерство за правда:**
  - Листа на сите судови со контакт податоци (адреса и електронска адреса),
  - Листа на сите обвинителства со контакт податоци (адреса и електронска адреса),
  - Листа на судски вештаци (адреса и електронска адреса),
  - Листа на судски преведувачи (адреса и електронска адреса),
  - Листа на нотари (адреса и електронска адреса),
  - Листа на извршители (адреса и електронска адреса),
  - Листа на медијатори (адреса и електронска адреса),
  - Листа на адвокати кои работата бесплатна правна помош,
  - Листа на казнено поправни установи (адреса и електронска адреса),
  - Постапка и потребни документи за остварување на правото на бесплатна правна помош,
  - Статистички податоци за адвокатите кои застапувале граѓани преку бесплатна правна помош (број на предмети, број на рочишта, наплатени надоместоци),
  - Постапка за остварување на правото на надзор над работата на нотарите, со потребни документи, образец на барање, адреса за поднесување на барањето,
  - Постапка за остварување на правото на надзор над работата на извршителите, со потребни документи, образец на барање, адреса за поднесување на барањето,
  - Записници и решенија од извршен надзор над нотарите,
  - Записници и решенија од извршен надзор над извршителите,
  - Записници од извршен надзор во судовите во однос на примената на Судскиот деловник
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за стекнување на лиценца за судски преведувач,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за стекнување на лиценца за медијатор,

- Постапка, потребни документи, испитни сесии, надоместок и сметка за плаќање на надоместок за полагање на правосуден испит,
- Постапка, потребни документи, испитни сесии, надоместок и сметка за плаќање на надоместок за полагање за нотар,
- Постапка, потребни документи, испитни сесии, надоместок и сметка за плаќање на надоместок за полагање за извршител,
- Постапка, потребни документи, испитни сесии, надоместок и сметка за плаќање на надоместок за полагање за нотар,
- Постапка и потребни документи за именување на нотари,
- Постапка и потребни документи за именување на извршители,
- Постапка и потребни документи за запишување на Академија за судии и јавни обвинители,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за стекнување на лиценца за вештак,
- Постапка за избор на судии,
- Постапка за избор на јавни обвинители,
- Податоци за кандидати и за ново именувани нотари (име и презиме, адреса, електронска адреса, биографија, избрани кандидати и не избрани кандидати),
- Податоци за кандидати и за ново именувани извршители (име и презиме, адреса, електронска адреса, биографија, избрани кандидати и не избрани кандидати),
- Податоци за Нотарска комора (претседател, адреса, електронска адреса, надлежности, годишни извештаи за работа),
- Податоци за Комора на извршители (претседател, адреса, електронска адреса, надлежности, годишни извештаи за работа) и
- Податоци за Комора на вештаци (претседател, адреса, електронска адреса, надлежности, годишни извештаи за работа).
- Статистички податоци и извештаи за работата на нотарите (број на добиени предмети во работа, број на процесуирани предмети, број на заостанати предмети, приказ на предметите по области, уважени жалби и поништени решенија, наплатени надоместоци),
- Статистички податоци и извештаи за работата на извршителите (број на добиени предмети во работа, број на процесуирани предмети, број на заостанати предмети, приказ на предметите по области, уважени жалби и поништени решенија, наплатени надоместоци),
- Статистички податоци и извештаи за работата на медијаторите (број на добиени предмети во работа, број на процесуирани предмети, број на заостанати предмети, приказ на предметите по области, наплатени надоместоци),
- Статистички податоци и извештаи за работата на вештаците (број на добиени предмети во работа, број на процесуирани предмети, број на заостанати предмети, приказ на предметите по области, наплатени надоместоци) и

– Други информации и податоци кои произлегуваат од надлежностите и работата на институцијата.

- **Управа за извршување на санкции:**
  - Листа на казнено поправни установи (адреса и електронска адреса) и
  - Статистички податоци во врска со затворениците, вклучително и податоци за дозволени отпусти, помилувања и сл. и
  - Други информации и податоци кои произлегуваат од надлежностите и работата на институцијата.

- **Биро за судски вештачења:**
  - Листа на судски вештаци (адреса и електронска адреса),
  - Податоци за Комора на вештаци (претседател, адреса, електронска адреса, надлежности, годишни извештаи за работа),
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за стекнување на лиценца за вештак,
  - Статистички податоци и извештаи за работата на вештаците (број на добиени предмети во работа, број на процесуирани предмети, број на заостанати предмети, приказ на предметите по области, наплатени надоместоци) и
  - Други информации и податоци кои произлегуваат од надлежностите и работата на институцијата.

- **Судски совет и судови:**
  - Листа на сите судови со контакт податоци (адреса и електронска адреса),
  - Статистички податоци и извештаи за работата на секој суд и судија (број на добиени предмети во работа, број на решени предмети, број на заостанати предмети, приказ на предметите по области, поднесени жалби, уважени жалби и поништени пресуди),
  - Записници од извршен надзор во судовите во однос на примената на Судскиот деловник,
  - Постапка за избор на судии,
  - Податоци за кандидати и за ново именувани судии (име и презиме, адреса, електронска адреса, биографија, избрани кандидати и не избрани кандидати),
  - Статистички податоци и извештаи за работата на секој суд и судија (број на добиени предмети во работа, број на решени предмети, број на заостанати предмети, приказ на предметите по области, поднесени жалби, уважени жалби и поништени пресуди) и
  - Други информации и податоци кои произлегуваат од надлежностите и работата на институцијата.

- **Јавно обвинителство на РСМ и Совет на јавни обвинители:**
  - Листа на сите обвинителства со контакт податоци (адреса и електронска адреса),
  - Постапка за избор на јавни обвинители,
  - Податоци за кандидати и за ново именувани обвинители (име и презиме, адреса, електронска адреса, биографија, избрани кандидати и не избрани кандидати),
  - Статистички податоци и извештаи за работата на обвинителство и обвинител (број на добиени предмети во работа, број на процесуирани предмети, број на заостанати предмети, приказ на предметите по области, уважени жалби и поништени пресуди) и
  - Други информации и податоци кои произлегуваат од надлежностите и работата на институцијата.

- **Академија за судии и јавни обвинители:**
  - Постапка и потребни документи за запишување на Академија за судии и јавни обвинители,
  - Статистички податоци на запишани кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители со кратки биографии и
  - Други информации и податоци кои произлегуваат од надлежностите и работата на институцијата.

## 4.4. Област - ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Од добиените податоци, во областа на внатрешните работи се барани следните информации:

- Листа на сите лица вработени во институцијата со податоци за називот, односно звањето на позицијата на која се распоредени, службен е-маил и службен телефон,
- Постапка за добивање на патни исправи, со потребни документи, образец на барање, адреса за поднесување на барањето
- Постапка за издавање и регистрација на оружје, со потребни документи, образец на барање, адреса за поднесување на барањето
- Постапка за стекнување, престанување и утврдување на државјанството на РСМ, со потребни документи, образец на барање, адреса за поднесување на барањето
- Статистички податоци во врска со број на регистрирани кривични дела, нарушувања на јавниот ред и мир и од областа на сообраќајот
- Статистички податоци во врска со илегалната миграција, мигранти и баратели на азил
- Статистички податоци во врска со семејно и родово базирано насилс тво.
- Статистички податоци за број на издадени лични карти
- Статистички податоци за број на издадени патни исправи

- Статистички податоци за заплена на дрога и други опојни супстанции
- Статистички податоци за преземени и изречени дисциплински мерки и санкции на полициски службеници.
- Статистички податоци за регистрирани возила и возачки дозволи и
- Целокупна документација за спроведени јавни набавки.

Во насока на доследна имплементација на законот, институциите од областа на внатрешните работи, освен податоците кои се законски минимум и кои задолжително се објавуваат на веб страните треба да ги објават и најмалку следниве информации:

- **Министерство за внатрешни работи:**
  - Листа на сите полициски станици со контакт податоци (адреса, електронска адреса, телефонски број и др.)
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на изгубена, оштетена и пополнета патна исправа (пасош)
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на патна исправа (пасош) на малолетно лице,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на патна исправа (пасош) по итна постапка,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на лична карта,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на изгубена, исчезната и оштетена лична карта,
  - Постапка и потребни документи за издавање на одобренија на малолетни лица за патување во странство,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на прва возачка дозвола,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на изгубена, оштетена и измината возачка дозвола,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на возачка дозвола за мотор,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на возачка дозвола за инструктор,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за издавање на сообраќајна дозвола,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за замена на странска за македонска возачка дозвола,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање

на надоместокот за пријава на живеалиште,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за пријава на престојувалиште,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за промена на лично име,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за регистрација на возила,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за полагање за лиценца за обезбедување и за стекнување на лиценца,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за регистрација за детективска дејност,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на дозвола за увоз на оружје и муниција,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на дозвола за продажба на оружје и муниција,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на дозвола за претстој во РМ и за стекнување на привремена лична карта,
- Регистар на службени возила во државата кои се сопственост на институциите на јавното сектор,
- Статистички податоци во однос на бројот на издадени државјанства,
- Статистички податоци во однос на бројот на издадени лични карти,
- Статистички податоци во однос на бројот на издадени дозволи за поседување, носење, увоз и продажба на оружје и муниција,
- Статистички податоци во однос на бројот на издадени возачки дозволи,
- Статистички податоци во однос на бројот на регистрирани возила,
- Статистички податоци во однос на бројот извршени увиди и преземени мерки за извршени кривични дела,
- Статистички податоци во однос на бројот на преземени мерки и поднесени пријави за заштита на јавниот ред и мир,
- Статистички податоци во однос на бројот на сообраќајни несреќи и сообраќајни прекршоци и
- Други информации и податоци кои произлегуваат од надлежностите и работата на институцијата.

- **Биро за јавна безбедност:**
  - Листа на сите полициски станици со контакт податоци (адреса, електронска адреса, телефонски број и др.)
  - Статистички податоци во однос на бројот извршени увиди и преземени мерки за извршени кривични дела,
  - Статистички податоци во однос на бројот на преземени мерки и

поднесени пријави за заштита на јавниот ред и мир,
- Статистички податоци во однос на бројот на сообраќајни несреќи и сообраќајни прекршоци и
- Други информации и податоци кои произлегуваат од надлежностите и работата на институцијата.

## 4.5. Област - НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Не се добиени информации за поднесените барања за информации од јавен карактер.

Во насока на доследна имплементација на законот, институциите од областа на надворешните работи, освен податоците кои се законски минимум и кои задолжително се објавуваат на веб страните треба да ги објават и најмалку следниве информации:

- **Министерство за надворешни работи:**
  - Листа на овластени службени лица во институцијата кои постапуваат по барањата на физичките и правните лица,
  - Листа на амбасади со контакт податоци (адреса, електронска адреса, телефонски број и др.),
  - Листа на амбасадори со нивни биографии и контакт податоци,
  - Листа на конзуларни претставништва со контакт податоци (адреса, електронска адреса, телефонски број и др.),
  - Листа на конзули со нивни биографии и контакт податоци,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на конзуларни услуги за домашни државјани,
  - Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на дипломатски услуги за домашни државјани,
  - Статистички податоци за платите, репрезентација, сместување и други трошоци на сите амбасади поединечно,
  - Статистички податоци за платите, репрезентација, сместување и други трошоци на сите конзуларни претставништва поединечно,
  - Меѓународни договори кои ги склучила РСМ,
  - Податоци за сите останати услуги кои согласно закон ги пружа МНР и останати податоци кои произлегуваат од надлежностите на МНР.

## 4.6. Област – ФИНАНСИИ

Од добиените податоци, во областа на финансиите се барани следните информации:

- Број на вработени во редовен работен однос и на определено време, разделени по пол, националност,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за приватизација,
- Начин на започнување, условот и надоместок во постапката за експропријација,
- Податоци за приходи врз база на акциза за цигари, тутун и тутунски добра и алкохол,
- Информација за бројот на вработени лица по институции во ИПА структурите,
- Податоци за буџети и извршување на буџетите по единици на локална самоуправа,
- Целокупна документација за јавни набавки,
- Податоци за исплатени парични награди на административни службеници,
- Податоци за висината на долгот по единици на локална самоуправа,
- Реализирани вработувања по периоди,
- Податоци за потрошувачки кредити на финансиските друштва,
- Податоци за решенија по постапка за денационализација,
- Податоци за трошоци за репрезентација,
- Биланси на приходи по завршни сметки,
- Податоци за вкупно остварени приходи и расходи во РСМ,
- Податоци за остварени приходи по основ на промет на преработки од канабис,
- Податоци за број на одобрени вработувања (буџетски согласности),
- Количини на злато и други благородни метали кои се управуваат како девизни резерви,
- Информации врзани со последниот попис,
- Податоци од остварени царински приходи одделно: приходи од ДДВ, царински давачки, акцизи и други приходи,
- Податоци за вкупни директни инвестиции во РСМ,
- Статистички податоци за движењето на курсот на денарот низ временски период,
- Статистички податоци за основни каматни стапки на Народната банка низ временски период,
- Податоци и биографија на членови на управни и надзорни одбори,
- Податоци за движење на финансиските средства на сметката на Фондот за осигурување на депозит,
- Податоци за стабилноста на банкарскиот и финансискиот систем во РСМ,

- Информации за права на депоненти при обештетување,
- Информации за движење на депозити на населението,
- Број на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности од УЈП,
- Број на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности,
- Број на поднесени жалби и тужби против даночен управен акт на УЈП од страна на даночни обврзници,
- Податоци за ненаплатени побарувања од УЈП и во колкав износ биле истите од различни правни лица,
- Податоци од приходи од ДДВ низ временски период,
- Број на барања за субвенции на плати (минимална или бруто плата) и број на одобрени барања,
- Број на барања за субвенционирани кредити и број на одобрени барања,
- Статистички податоци за корисници на финансиска поддршка за исплата на плати,
- Статистички податоци за корисници кои се опфатени со платежната картичка,
- Податоци за правните субјекти кои добиле финансиска поддршка како дел од пакетот на мерки на Владата поврзани со пандемијата Ковид-19,
- Број на спогодбено решени предмети во кои е вклучено Државно правобранителство
- Податоци за постапки за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на РСМ во кои е вклучено Државно правобранителство и
- Број на издадени фискални сметки - вкупно, низ временски период.

• Во насока на доследна имплементација на законот, институциите од областа на финансиите, освен податоците кои се законски минимум и кои задолжително се објавуваат на веб страните треба да ги објават и најмалку следниве информации:

○ **Министерство за финансии:**
- Постапка за донесување на Буџетот,
- Буџет на РСМ,
- Фискална Стратегија,
- Буџетски циркулар,
- Буџет за реализација на Националните стратегии од сите области,
- Статистички податоци за вкупните и поединечните задолжувања при реализација на буџетот,

- Статистички податоци за јавниот долг,
- Статистички податоци за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на дозвола за основање на банка,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за почнување со работа на филијала на банки од земји членки на ЕУ,
- Листа на банки кои работат на територија на РСМ,
- Статистички податоци од работата на банките како и извештаи за извршени контроли,
- Статистички податоци за капиталот, резервите, добивката, загубите и финансискиот резултат на НБРМ,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на дозвола за основање на штедилница,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на дозвола за основање на менувачница,
- Постапка, потребни документи, надоместок и жиро сметка за плаќање на надоместокот за добивање на дозвола за вршење на услуга на брз трансфер на пари,
- Име, презиме и биографија на членовите на Комитетот за финансиска стабилност,
- Статистички податоци и извештаи од работата на Комитетот за финансиска стабилност и поткомитетите,
